Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 31 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 октомври 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА , НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за издавање на  лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија на големо со сурова нафта,нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт-трговија на големо со Еуродизел БС (Д-EV), Еуросупер БС 95, Екстра лесно 1(ЕЛ-1) и течен нафтен гас (ТНГ), ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14, 102/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.70/19), издадена на Друштвото за производство трговија и услуги ГПОИЛ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, по барање на носителот на лиценцата.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство трговија и услуги ГПОИЛ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Ѓорѓија Пулевски  бр.30/1 Скопје (во натамошниот текст: Друштво) на 5 октомври 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за престанок на лиценцата УП1 бр.11-10/19 од 5 октомври 2021 година (во натамошниот текст: Барање).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 31 став (1) точка 1) , односно од Прилог 2 Образец БЛ 24 од Правилникот за лиценци во оригинал.

Согласно информациите наведени во Образецот БЛ 24, Друштвото побара престанок на лиценцата поради започнатата постапка за ликвидација.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-1930/2 од 18 октомври 2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 18 октомври 2021 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 31 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за престанок на важење на  Одлуката за издавање на  лиценца за вршење на енергетската дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт-трговија на големо со Еуродизел БС (Д-EV),

Еуросупер БС 95, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и течен нафтен гас (ТНГ) на Друштвото за производство трговија и услуги ГПОИЛ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14, 102/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 70/19).

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 11-10/19**
**18 октомври 2021 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1, nënpika 17 të Ligjit të Energjetikës* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 96/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 96/19) dhe nenit 31 paragrafi (1), pika 1) të Rregullores së Licencave (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 18 tetor 2021, miratoi

**VENDIM**
**PËR NDËRPRERJEN E VLEFSHMËRISË SË VENDIMIT PËR LËSHIMIN E LICENCËS SË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE, TREGTI ME SHUMICË ME NAFTË TË PAPËRPUNUAR, ME DERIVATE TË NAFTËS, ME BIOKARBURANTE DHE ME KARBURANTE PËR TRANSPORT**

1. Me këtë vendim nuk vlen më Vendimi i Lëshimit të Licencës për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike të Tregtisë me Shumicë me Naftë të Papërpunuar, me Derivate të Naftës, me Biokarburante dhe me Karburante për Transport - tregti me shumicë me Eurodizel BS (D-EV), me Eurosuper BS 95, me Ekstra të Lehtë 1 (EL-1) dhe me Gaz të Lëngshëm të Naftës (LPG), ( Gazeta Zyrtare e republikës së Maqedonisë“ nr.171/14, 102/17 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.70/19), lëshuar Shoqërisë së Prodhimit, të Tregtisë dhe të Shërbimeve “GPOIL” import-eksport SHPKNJP Shkup, me kërkesë të bartësit të licencës.

2. Ky vendim hyn në fuqi në datën e miratimit të tij dhe botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 11-10/19**
**18 tetor 2021**
**Shkup**

**Kryetari i**
**Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Марко Бислимоски**